Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# МЕСЕЧНА ПУБЛИКАЦИЈА
## Број 2 – Јуни 2006
# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Содржина во овој број*

1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар минатиот период

1.1 Соопштение за мисиите на агенциите за оценување на кредитниот рејтинг на Република Македонија, Standard & Poor's и Fitch

1.2 Мониторинг на банките за воведување на примарни дилери на пазарот на ДХВ

1.3 Движења на финансискиот пазар во Р. Македонија

1.4 Промена на правилата на тргување на пазарот преку шалтер

1.5 Нови котации на Македонска берза АД Скопје

2 Пазар на државни хартии од вредност

2.1 Примарен пазар

2.2 Секундарен пазар

3 Календар на аукции трет и четврт квартал 2006

4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)

5 Контакти

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## 1.1 Соопштение за мисиите на агенциите за оценување на кредитниот рејтинг на Република Македонија, Standard & poor's и Fitch

Во периодот 11.04.2006 до 13.04.2006, во Република Македонија присуствуваа претставници од Агенцијата за изработка на кредитен рејтинг Standard & Poor's и во периодот од 03.05.2006 до 05.05.2006 присуствуваа претставници од Агенцијата за изработка на кредитен рејтинг Fitch. Целта на овие посети на споменатите две рејтинг агенции беше да се изврши годишно стандардно ревидирање на добиената оценка за кредитниот рејтинг на државата. Во текот на посетите, претставниците од Standard & Poor's и Fitch, оствариja средби со повеќе релевантни институции од државата (Заменик Претседател на Владата, министерства, НБРМ, претставништва на меѓународни финансиски институции, претставници на банкарскиот сектор, независни политички набљудувачи итн.)

**На 08.05.2006 година Standard & Poor's го потврди доделениот кредитен рејтинг на земјата "ББ+" со стабилен изглед за странска валута и "ВВВ-" со стабилен изглед за домашна валута.**

**На 13.06.2006 година Fitch го зголеми кредитниот рејтинг на Република Македонија од постојниот "ББ" со позитивен изглед (BB with positive outlook) на "ББ+" со стабилен изглед (BB+ with stable outlook) и за странска и за домашна валута.** Со новододелената оценка Fitch ја помести Република Македонија за две нивоа на рејтинг скалата.

Доделените оценки од страна на двете рејтинг агенции се поддржани со пруденттната фискална политика, умереното ниво на јавен и надворешен долг, континуитет во отплатите по основ на долгот, како и официјалниот статус на земја кандидат за членство во Европската Унија.

Оценката за кредитниот рејтинг е од исклучителна важност како индикатор за кредитната способност на Република Македонија пред меѓународната јавност и нејзиното влијание врз атрактивноста на домашните економски субјекти пред странските инвеститори на меѓународниот пазар на капитал. Во моментов и двете рејтинг агенции, Fitch и Standard & Poor's, ја оценуваат Република Македонија како земја која се наоѓа на прагот на добивање на инвестициски рејтинг (БББ).

## 1.2 Мониторинг на банките за воведување на примарни дилери на пазарот на ДХВ

Постапката за воведувањето на посредници на пазарот на државни хартии од вредност, како проект на Министерството за финансии, предвидува првенствено дефинирање на примарни дилери на примарниот пазар, а потоа одбирање на поддржувачи на секундарниот пазар (маркет мејкери). Сегашната состојба на примарниот пазар на државни хартии од вредност ги опфаќа договорите за учество на примарниот пазар на државни хартии од вредност склучени меѓу Министерството за финансии, Народната Банка на Македонија и сите активни банки – овластени директни учесници (ОДУ) во РМ, при што никој од нив нема специјални привилегии или обврски, освен да ги почитува одредбите на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност (Службен весник на Р. Македонија бр.99/05).

Главната улога на примарните дилери е да партиципираат на примарниот пазар на државни хартии од вредност, на кој ќе обезбедат апсорција на новоиздадените државни хартии од вредност и ќе ги дистрибуираат до крајните инвеститори.
Почнувајќи од мај 2006, Министерството за финансии ги започна мониторинг активностите на ОДУ во врска со селектирање и воведување на примарните дилери на пазарот на државни хартии од вредност.
За таа цел, земени се во предвид повеќе критериуми при анализата на активностите на секоја поединечна банка по аукции, и тоа:

1. Процентуално учество на банките во прифатените понуди во свое име,
2. Процентуално учество на банките во неприфатените понуди,
3. Однос на банките кон клиентите (број на опслужени клиенти, висина на провизија, транспарентност на понудената услуга и достапност на услугата),
4. Подготвеност за соработка со Министерството за финансии, т.е. Доставување на информации и редовно учество на состаноците на Пазарниот комитет во контекст на подобар развој на пазарот на ДХВ и
5. Диверзификација на портфолиото на хартии од вредност, со поголем акцент на државните хартии од вредност со подолга рочност.

Согласно предвидениот акционен план, Министерството за финансии ќе ја врши мониторинг активноста до крајот на 2006 година, после што би следел период на селекција, за во 2007 година неколку банки да станат примарни дилери (единствени директни учесници на примарниот пазар на ДХВ во свое име и во своја или туѓа сметка).

### *1.3 Движења на финансискиот пазар во Р. Македонија*

Каматната стапка на државните хартии од вредност (ДХВ) се одредува пазарно, во зависност од понудата и побарувачката. Трендот на каматните стапки што се постигнаа на аукциите на ДХВ, упатува на фактот дека ДХВ, освен безризичен се и многу атрактивен финансиски инструмент од аспект на приносот што го нудат за период од три месеци.

Редовноста на аукциите, согласно објавениот календар на аукции, како и зголемената заинтересираност на инвеститорите за инвестирање во ДХВ како безризичен инструмент придонесува за континуиран тренд на опаѓање на каматните стапки на ДХВ.

Стеснувањето на распонот меѓу максималната и минималната каматна стапка укажува на намалена неизвесност и подобрена информираност на учесниците на пазарот околу идните движења на цената на наредните аукции и др.

Илустративно, пондерираната каматна стапка на тримесечните државни записи во јуни 2005 година изнесуваше 10,44%, додека на истата аукција во 2006 година пондерираната каматна стапка се намали за повеќе од 4 процентни поени и истата изнесуваше 6,19%. Кај шестмесечните записи каматната стапка во јуни 2005 изнесуваше 10,52% и со перманентно намалување на каматната стапка во текот на годината во јуни 2006 истата изнесуваше 6,92%. Трендот е сличен и кај останатите државни хартии од вредност.

Континуираниот пад на каматните стапки овозможува поефикасно долгорочно финансирање на буџетските потреби и намалување на макроекономски ризик карактеристичен за надворешното финансирање (задолжување).

### *1.4 <u>Промена на правилата на тргување на пазарот преку шалтер</u>*

Согласно дополнувањата на Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност (Службен весник број 71/2006), кои стапија во сила од 01.07.2006 година, НБРМ ја прошири правната регулатива за тргување со ДХВ на пазарите преку шалтер и за долгорочните државни хартии од вредност. Тргувањето на пазарите преку шалтер не е оптоварено со трансакциони трошоци, а порамнувањето на краткорочните хартии од вредност се врши во реално време, додека порамнувањето на долгорочните хартии од вредност може да се врши веднаш, но не подоцна од еден работен ден од денот на склучување на трансакциите.

Со донесувањето на овие дополненија се овозможува сопствениците на долгорочните државни хартии од вредност (освен обврзниците за старо девизно штедење и обврзниците за денационализација) да можат да тргуваат со истите пред рокот на нивното достасување покрај на Македонската берза и на пазарите преку шалтер.

### *1.5 <u>Нови котации на Македонска берза АД</u>*

Согласно Календарот за емисија на државни хартии од вредност од 2006 година, Министерството за финансии на Р. Македонија на 27 април 2006 година емитуваше двегодишна обврзница со назив Континуирана државна обврзница на Република Македонија број 1 во 2006 година.

Исто така, Министерството за финансии изврши дематеријализација на Обврзниците за санација на Стопанска банка АД Скопје и Обврзниците за надоместување на селективни кредити на Народна банка на Република Македонија.

Согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската берза АД, гореспоментите обврзници котираат на Македонска берза АД почнувајќи од јуни 2006 година.

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ за мај 2006 | | |
|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци |
| | DZ2006/09-91 | DZ2006/10-91 | DZ2006/05-182 |
| ISIN код | MKMINFDZ6092 | MKMINFDZ6100 | MKMINFDS6059 |
| Денови на достасување | 91 | 91 | 182 |
| Дата на аукција | 09.05.2006 | 23.05.2006 | 09.05.2006 |
| Дата на достасување | 09.08.2006 | 23.08.2006 | 08.11.2006 |
| Максимална каматна стапка | 6,39 | 6,25 | 7,65 |
| Минимална каматна стапка | 5,75 | 5,70 | 6,30 |
| Просечна каматна стапка | 6,23 | 5,98 | 7,13 |
| Просечна цена | 98,4503 | 98,5107 | 96,5214 |
| Понуда | 400.000.000 | 400.000.000 | 350.000.000 |
| Побарувачка | 708.060.000 | 460.490.000 | 452.520.000 |
| Реализација | 400.000.000 | 400.000.000 | 350.000.000 |
| Bid to cover ratio* | 1,77 | 1,15 | 1,29 |
| Доставени понуди | 47 | 97 | 28 |
| Прифатени понуди | 29 | 34 | 15 |

| | Резултати од аукции на ДХВ за јуни 2006 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци |
| | DZ2006/11-91 | DZ2006/12-91 | DZ2006/06-182 | DZ2006/02-364 |
| ISIN код | MKMINFDZ6118 | MKMINFDZ6126 | MKMINFDS6067 | MKMINFDY6028 |
| Денови на достасување | 91 | 91 | 183 | 364 |
| Дата на аукција | 06.06.2006 | 20.06.2006 | 06.06.2006 | 20.06.2006 |
| Дата на достасување | 06.09.2006 | 20.09.2006 | 06.12.2006 | 20.06.2007 |
| Максимална каматна стапка | 7,38 | 7,38 | 7,29 | 9,00 |
| Минимална каматна стапка | 5,50 | 5,50 | 6,00 | 8,15 |
| Просечна каматна стапка | 6,19 | 6,89 | 6,92 | 8,66 |
| Просечна цена | 98,4603 | 98,2890 | 96,6206 | 91,945 |
| Понуда | 1.150.000.000 | 1.600.000.000 | 300.000.000 | 350.000.000 |
| Побарувачка | 673.980.000 | 645.730.000 | 523.730.000 | 261.670.000 |
| Реализација | 673.980.000 | 645.730.000 | 300.000.000 | 261.670.000 |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1 | 1,75 | 1 |
| Доставени понуди | 36 | 51 | 41 | 26 |
| Прифатени понуди | 36 | 51 | 33 | 26 |

** овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката*

*Извор: Министерство за финансии*

## Пондерирани каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




Извор: Министерство за финансии

## Побарувачка и реализација на ДХВ на аукциите Јан-Јун 2006




*Извор: Министерство за финансии*

Пондерирани каматни стапки на 3м ДЗ јан-јун 2005 и 2006




ондерирани каматни стапки на 6м ДЗ јан-јун 2005 и 2006




Извор: Министерство за финансии

Состојба на недоспеани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)




Состојба на недоспеани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)




Извор: Министерство за финансии

**Сопственичка структура на недостасани ДХВ**




*Извор: Министерство за финансии*

*Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

Дата на пресметка 30 јуни 2006

| **Duration*** | Државни записи | Државни обврзници | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | 2 години | 5 години | |
| Просечно денови | 99,89 | 595,67 | 1.505,73 | 296,64 |
| Просечно години | 0,27 | 1,63 | 4,13 | 0,81 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор: Министерство за финансии*

## *2.2 Секундарен пазар*

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| **Мај 2006 год.** | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 88,00 | 86,50 | 86,83 | 31.05.06 | 635.455 | 33.709.287 | 551.068 | 7,51 |
| РМДЕН02 | 85,00 | 83,70 | 85,00 | 26.05.06 | 84.612 | 4.378.355 | 71.570 | 6,49 |
| РМДЕН03 | 83,00 | 82,00 | 82,92 | 26.05.06 | 126.960 | 6.415.779 | 104.875 | 6,66 |
| РМДЕН04 | 82,00 | 80,70 | 81,71 | 26.05.06 | 372.575 | 18.481.574 | 302.145 | 6,56 |
| РМДЕН05 | 78,30 | 76,90 | 77,00 | 31.05.06 | 1.942.128 | 92.237.674 | 1.507.934 | 7,36 |

| **Јуни 2006 год.** | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 86,90 | 85,10 | 86,50 | 30.06.06 | 658.237 | 34.821.784 | 569.296 | 7,85 |
| РМДЕН01 | 84,00 | 84,00 | 84,00 | 30.06.06 | 16.616 | 853.836 | 13.957 | 7,64 |
| РМДЕН02 | 83,00 | 81,90 | 83,00 | 29.06.06 | 313.340 | 15.760.256 | 257.643 | 7,30 |
| РМДЕН03 | 83,00 | 79,00 | 80,76 | 30.06.06 | 383.425 | 18.983.066 | 310.336 | 7,46 |
| РМДЕН04 | 83,20 | 78,50 | 79,50 | 30.06.06 | 1.592.240 | 78.597.659 | 1.284.899 | 7,32 |
| РМДЕН05 | 83,00 | 77,00 | 80,43 | 30.06.06 | 4.461.089 | 218.223.817 | 3.567.523 | 6,47 |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

*Извор: НБРМ*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА**

| Странски инвеститори | Јан-2006 | Фев-2006 | Мар-2006 | Апр-2006 | Мај-2006 | Јун-2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 11,28% | 11,48% | 11,22% | 11,65% | 11,70% | 10,44% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер во периодор Јан-Јун 2006



## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ТРЕТ И ЧЕТВРТ КВАРТАЛ ВО 2006

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| III | Јули | *DZ2006/13-92* | 11/07/06 | 12/07/06 | 12/10/06 | 92 |
| | | *DZ2006/07-182* | 11/07/06 | 12/07/06 | 10/01/07 | 182 |
| | | *DZ2006/14-91* | 25/07/06 | 26/07/06 | 25/10/06 | 91 |
| | Август | *DZ2006/15-91* | 08/08/06 | 09/08/06 | 08/11/06 | 91 |
| | | *DZ2006/08-182* | 08/08/06 | 09/08/06 | 07/02/07 | 182 |
| | | *DZ2006/16-91* | 22/08/06 | 23/08/06 | 22/11/06 | 91 |
| | Септември | *DZ2006/17-91* | 05/09/06 | 06/09/06 | 06/12/06 | 91 |
| | | *DZ2006/09-182* | 05/09/06 | 06/09/06 | 07/03/07 | 182 |
| | | *DZ2006/18-91* | 19/09/06 | 20/09/06 | 20/12/06 | 91 |
| | | *DZ2006/03-364* | 19/09/06 | 20/09/06 | 19/09/07 | 364 |
| IV | Октомври | *DZ2006/19-90* | 10/10/06 | 12/10/06 | 10/01/07 | 90 |
| | | *DZ2006/10-181* | 10/10/06 | 12/10/06 | 11/04/07 | 181 |
| | | *DZ2006/20-91* | 24/10/06 | 25/10/06 | 24/01/07 | 91 |
| | | *DO2006/02-1008* | 26/10/06 | 30/10/06 | 30/10/08 | 02 |
| | Ноември . | *DZ2006/21-91* | 07/11/06 | 08/11/06 | 07/02/07 | 91 |
| | | *DZ2006/11-182* | 07/11/06 | 08/11/06 | 09/05/07 | 182 |
| | | *DZ2006/22-91* | 21/11/06 | 22/11/06 | 21/02/07 | 91 |
| | | *DO2006/03-1109* | 23/11/06 | 27/11/06 | 27/11/09 | 03 |
| | Декември | *DZ2006/23-91* | 05/12/06 | 06/12/06 | 07/03/07 | 91 |
| | | *DZ2006/12-182* | 05/12/06 | 06/12/06 | 06/06/07 | 182 |
| | | *DZ2006/24-91* | 19/12/06 | 20/12/06 | 21/03/07 | 91 |
| | | *DZ2006/04-364* | 19/12/06 | 20/12/06 | 19/12/07 | 364 |

*Извор Министерство за финансии*

# 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии)

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | Васил Главинов 12/2 | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за тримесечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 200 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 500 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,000 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 1,500 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,14% (мин. 1,500 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,12% (мин.7,000 ден) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,10% (мин. 12,000 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје (за шестмесечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 700 ден. фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 2,000 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,16% (мин. 2,000 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,14% (мин. 8,000 ден.) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,12% (мин. 14,000 ден.) | | |
| 3.3 | Инвестбанка АД Скопје ( државни обврзници) | | | | 10,000-50,000 ден | | 500 ден. фиксно | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | | 1,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | | 1,300 ден. фиксно | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | | 2,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | | 0,17% (мин. 2,500 ден.) | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | | 0,15% (мин. 7,500 ден.) | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | | 0,13% (мин. 15,000 ден.) | |
| 4 | Интернационална приватна банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830 | 3119-191 | До 200,000 ден. | 200 ден. фиксно | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| | | | 3134-060 | 3124-288 | Над 200,000 ден. | 0,10% | | |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Комерцијална инвестициона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Македонска банка АД Скопје | Бул. ВМРО, 3-12/2 | 3117-191 | 3117-111 | До 730,000 ден. | 800 ден. фиксно | | |
| | | | | | 730,000-27,270,000 | 0,11% | | |
| | | | | | Над 27,270,000 ден. | 30,000 ден. фиксно | | |
| 9 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 10 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |
| 11 | ПроКредит банка АД | Бул. Јане | 3219-901 | 3219-900 | Било кој износ | 0,12% (мин.300 | 0,12% (мин.300 | |

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | Сандански 109/а | | 3219-948 | | ден.) | ден.) | |
| 12 | Силекс банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 13 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 14 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | 10,000 ден. | 250 ден. фиксно | 250 ден. фиксно | 250 ден. |
| | | | | | 20,000-50,000 ден. | 350 ден. фиксно | 350 ден. фиксно | |
| | | | | | 60,000-500,000 ден. | 500 ден. фиксно | 1250 ден. фиксн | |
| | | | | | Над 500,000 | 0,12% | 0,25% | |
| 15 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | | | | |
| 16 | Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 17 | Македонска банка за подршка на развојот АД Скопје | Вељко Влаховиќ 26 | 3239-688 | 3114-840<br>3115-844 | | | | |
| 18 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 19 | Т.Ц Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 02 3106 396 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106 171 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Сања Манасијевиќ Манчева | Front Office | 02 3106 171 | Sanja.Manasijevic@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Дарко Блажевски | Front Office | 02 3106 293 | Darko.Blazevski@finance.gov.mk |